РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец ноември 2019

Декември, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 5

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец ноември 2019 година примени се 116 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 3 барања, објавени се 120 огласи, за вкупно 425 работни места за вкупно 444 извршители. За институциите од централната власт објавени се 77 јавни огласи за 282 работни места со 289 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 43 јавни огласи за 143 работни места со 155 извршители. На објавените огласи пријавени се 1686 кандидати, од кои 1220 кандидати на огласи за институциите од централна власт, а 466 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 116 | 3 | 120 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 77 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 43 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 425 | | 48 | 193 | 41 | 282 | | 20 | 92 | 31 | 143 |
| Извршители | | | 444 | | 43 | 198 | 48 | 289 | | 34 | 101 | 20 | 155 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1686 | | 274 | 834 | 112 | 1220 | | 48 | 352 | 66 | 466 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 39 | 21 | 13 | 51 | 14 | 78 | 18 | 4 | 34 | 11 | 49 |

*Табела 1. Јавни огласи ноември 2019*

Во истиот период ноември 2019 година спроведени се 75 административни селекции за пријавени 3307 кандидати, спроведени се 60 испити на кои што се поканети 650 кандидати, од кои полагале 325 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 49 огласи за 443 кандидати. Интервју е спроведено на 49 огласи со вкупно 270 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 49 огласи и предлог за избор на 270 кандидати, а од 39 спроведени огласи објавени се вкупно 127 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 75 | 3307 | 60 | 650 | 325 | 49 | 443 | 49 | 270 | 49 | 270 | 39 | 127 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи ноември 2019*

Во Агенцијата за администрација во месец ноември 2019 година примени се 25 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 25 огласи, за вкупно 64 работни места за 64 извршители. За институциите од централната власт објавени се 14 интерни огласи за 46 работни места со 46 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 11 интерни огласи за 18 работни места со 18 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">25</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">25</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>14</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>11</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>64</td><td rowspan="2"></td><td>12</td><td>28</td><td>6</td><td>46</td><td rowspan="2"></td><td>5</td><td>11</td><td>2</td><td>18</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>64</td><td>12</td><td>26</td><td>5</td><td>46</td><td>5</td><td>11</td><td>2</td><td>18</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи ноември 2019*

# Испит за административно управување

Во текот на месец ноември 2019 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 203 кандидати. Од нив на испитот се појавија 146 кандидати од кои испитот го положиле 111 кандидати (76%), а не го положиле 36 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени, 119 се вработени во јавен сектор, 12 во приватен сектор, додека 15 од пријавените кандидати биле невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 203 | 146 | 111 | 36 | 119 | 12 | 15 |

*Табела 4. Административно управување ноември 2019*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец ноември 2019 година, беа поднесени 62 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 8 седници, обработи 69 жалби, од кои 54 жалби се од државни службеници и 15 жалби од јавни службеници.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени се 12, одбиени 27, мериторно уважени 2, мериторно одбиени 2, отфрлени како недозволени 7 и повлечени од подносител се 4 жалби.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважени се 8 жалба, одбиени 3, мериторно одбиена 1, отфрлена како недозволена 1, и Комисијата се огласила за ненадлежна за 2 жалби.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Ненадлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 51 | 11 | 54 | 15 | 12 | 8 | 27 | 3 | 7 | 1 | / | / | 4 | / | / | 2 | 2 | / | 2 | 1 |

*Табела 5. Обработени жалби во ноември 2019*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец ноември 2019 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 24 предмети од кои 2 се однесува на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 22 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови, граѓани и други, и тоа: Управен суд (3); Народен правобранител (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (4); Пратеник (1); Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (1); Министерство за локална самоуправа (1); Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (1); Инспекциски совет (1); Транспаренси Интернешнл Македонија (2); Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО (1); Општина Струга (1); Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ Пехчево (1); Административни службеници (1) и Граѓани (3).

Вработени од Агенцијата во текот на месец ноември 2019 година присуствуваа на обуки на тема:

-Присуство на обука на тема: „Спроведување на попис 2019 на средства, побарувања и обврски, усогласување на фактичката и сметководствената состојба во деловодните книги кај трговските друштва и буџетските корисници“, организирана од ЦЕС Тренинг центар, Скопје, на 13.11.2019 година;

-Присуство на обука на тема: „Попис на средства и нивните извори кај буџетските корисници, единките корисници, јавните установи, јавни здравствени установи, јавните претпријатија, јавните комунални претпријатија, трговските друштва и други правни лица за известувачкиот период 2019 година како и даночниот третман на констатирани кусоци, Скопје, на 15.11.2019 година;

-Присуство на „Работилница на неформалната мрежа за управување со квалитет во јавниот сектор“, организирана од Министерство за информатичко општество и администрација, во Маврово на 20.11.2019 година;

-Присуство на јавна дебата:„Предлог закон за спречување за заштита од насилство врз жените и семејното насилство“, организирана од Министерство за труд и социјална политика, Скопје, на 20.11.2019 година;

-Присуство на обука на тема: „Мотивирање и поттикнување на генијалноста кај вработените“, организирана од Стопанска комора, Скопје, одржана на 22.11.2019 година;

-Присуство на Тркалезна маса за состојбите во јавните набавки во земјава, организирана од Центар за граѓански комуникации, Скопје, 21.11.2019 година;

-Присуство на обука на тема:„Ажурирање и проверка на податоците кои задолжително се внесуваат во ИСУЧР и насоки за внесување на таков тип податоци во ИСУЧР, организирана од Првоматика, Скопје, на 26.11.2019 година;

-Присуство на обука на тема: „КПУ сесија 4 и КПУ сесија 5“, организирана од Економско правен консалтинг ФВ-КПУ,Скопје, 29.11.2019 година.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 100 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 90 е одговорено, а за 10 електронски пораки во тек е подготовката на одговорите или не е одговорено.

## Јавни набавки

Во текот на месец ноември 2019 година, утврдена е потреба од започнување на 7 постапки за јавна набавка за кои се донесени одлуки, објавени се 5 огласи за јавна набавка на ЕСЈН, донесени се 2 одлуки за избор на најповолни понудувачи и склучен е 1 договор за јавна набавка со вкупна вредност од 52.000,00 денари без ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 6 | 5 | 2 | 1 |

*Табела 6. Јавни набавки ноември 2019*

# Реализација на буџет

Во месец ноември 2019 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2019 година | Реализација на буџетот до 30.11.2019 | Реализација на буџетот од 01.11.2019 – 30.11.2019 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| 401- основни плати | 22.743.000,00 | 20.389.620,00 | 1.815.846,00 | 2.353.380,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 8.575.000,00 | 7.716.725,00 | 688.771,00 | 858.275,00 |
| 420-патни и дневни расходи | 500.000,00 | 117.298,00 | 31.100,00 | 382.702,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.350.000,00 | 1.810.517,00 | 194.550,00 | 539.483,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 450.000,00 | 425.143,00 | 115.416,00 | 24.857,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 2.500.000,00 | 1.766.906,00 | 187.917,00 | 733.094,00 |
| 425-договорни услуги | 1.354.000,00 | 728.687,00 | 115.316,00 | 625.313,00 |
| 426-други тековни расходи | 660.000,00 | 411.739,00 | 69.665,00 | 248.261,00 |
| 464-разни трансфери | 95.000,00 | 15.000,00 | 0 | 80.000,00 |
| 465-исплата по извршни исправи | 31.000,00 | 30.214,00 | 0 | 786,00 |
| 480-купување на опрема и машини | 940.000,00 | 314.566,00 | 0 | 625.434,00 |
| 483-купување на мебел | 200.000,00 | 0 | 0 | 200.000,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 4.000.000,00 | 900.317,00 | 86.100,00 | 3.099.683,00 |
| ВКУПНО | **44.398.000,00** | **34.626.732,00** | **3.304.681,00** | **9.771.268,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*